Уметничка галерија - Скопје

Промоција

# ПРОСТОР 2 - ЧИФТЕ АМАМ

6-30 септември 2002

Покровител: Министерство за култура на Република Македонија

2000+ - (1) навлегување во третиот милениум; метафорично, нешто отворено и ориентирано кон иднината; (2) во потесна смисла, колекција на модерната меѓународна уметност во Музејот на модерната уметност во Љубљана; колекција - збирка уметнички дела; arteast - движење во перспектива при оформувањето на колекцијата 2000+, во која се земаат предвид сите земји, со нагласка на земјите од Источна Европа

*Куратор*
**Зденка Бадовинац**

*Стручен соработник*
**Бојана Пишкур**



# 2000+
ARTEAST COLLECTION

## Учесници

- АЏИЕВСКИ Томе
- БАЛКА Мирослав
- БАРШИ Јоже
- БЕРЕШ Јержи
- БРАТЕСКУ Геца
- ВАЛОХ Јиржи
- ВАНГЕЛИ Жанета
- ГОТОВАЦ Томислав
- ГРИГОРЕСКУ Јон
- ГУТОВ Дмитриј
- ДРАГАН Нуша и Сречо
- ДРУЖЃ Станислав
- ЕЛ-ХАСАН Роза
- ЕРДЕЉ Миклош
- ЗАХАРОВ Вадим
- ЗВЕЗДОЧЈОТОВ Константин
- ИВЕКОВИЌ Сања
- ИВЕКОВИЌ Сања и МАРТИНИС Далибор
- IRWIN
- КЛАУС Карлфридрих
- КНИЖАК Милан
- КНИФЕР Јулие
- КОЖАРИЌ Иван
- КОЗИРА Катаржина
- КОЗЛОВСКИ Јарослав
- КУЛИК Зофија
- КУЛИК Олег
- КВИЕКУЛИК (Пшемислав КВИЕК и Зофија КУЛИК)
- КУПРИЈАНОВ Владимир
- LAIBACH
- ЛЕВАНДОВСКИ Вија
- ЛЕЈДЕРМАН Јуриј
- ЛЛ Наталија
- МАЛЕВИЧ Казимир
- МАНГЕЛОС
- МИЛЕР Карел
- МЛИНАРЧИК Алекс
- МЛЧОХ Јан
- МОНАСТИРСКИ Андреј
- МУСОВИЌ Оливер
- НЕАГУ Паул
- NEW COLLECTIVISM
- ОСМОЛОВСКИ Анатолиј
- ОНО
- ПАЧИ Адријан
- ПЕЉХАН Марко
- ПЕРЈОВСКИ Амалија
- ПЕРЈОВСКИ Дан
- ПЕТЕРЦОЛ Горан
- ПОГАЧАР Тадеј & THE P.A.R.A.S.I.T.E. Museum
- ПОТРЧ Марјетица
- ПРИГОВ Дмитриј
- РИГВАВА Гуја
- РОБАКОВСКИ Јузеф
- РОИТБУРД Александер
- САВАДОВ Арсен и СЕНЧЕНКО Јуриј
- СОЛАКОВ Недко
- СТИЛИНОВИЌ Младен
- subREAL
- SCIPION NASICE THEATRE
- ТОДОСИЕВИЌ Раша
- ТОЉ Славен
- ТОМИЌ Милица
- ТОТ Ендре
- ТРБУЉАК Горан
- ЌОСИЌ Вук
- ФИЛКО Стано
- ФИШКИН Вадим
- ХАЈАС Тибор
- ХАЏИФЕЈЗОВИЌ Јусуф
- ШЕЈН Милош
- ШЕРИЌ-ШОБА Небојша
- ШОШКИЌ Илија
- ШТЕМБЕРА Петр
- ШУШТЕРШИЧ Аполонија

## Arteast 2000+ Меѓународна колекција на Модерна галерија Љубљана

Модерна галерија/Музеј на модерната уметност Љубљана, Томшичева 14,
1000 Љубљана, Словенија, тел. +386 1 2416800, факс: +386 1 2514120,
e-mail: info@mg-lj.si, http://www.mg-lj.si, website на колекцијата: http://www.2000p.org

Модерна галерија Љубљана (Музеј на модерната уметност) почна да ја оформува својата меѓународна колекција Arteast 2000+ кон крајот на деведесеттите години, период на кој му претходеа радикални промени на геополитичката мапа на Европа, период кој донесе перспективи за обединување на двете страни на Европа во заеднички простор на слободни економски и културни односи. Првенствено свртена кон уметноста на Источна Европа — која сè до неодамна се пренебрегнуваше — колекцијата има цел да воспостави дијалог меѓу Исток и Запад, и на тој начин да оформи ново, поинакво гледање на историјата на уметноста од втората половина на дваесеттиот век.

Долго време по Втората светска војна источноевропската уметност целосно се идентификуваше со официјалната естетика на социјалистичкиот реализам. Сепак, кога светот почна повеќе да се интересира за уметноста на Источна Европа, како последица на политичките промени во последните десет години, Истокот почна да чувствува потреба за превреднување на својата историја. Оние уметници кои веќе го имаат привлечено вниманието на меѓународната јавност се речиси исклучиво наследници на класичните авангардни движења и како такви се претставници на концептуалната уметност. Естетиката на нивното творештво не ги следи максимите на конвенционалните медиуми и го продолжува наследството на концептуализмот што го разви, во почетокот на дваесеттиот век, еден од најзначајните уметници на тој век, Марсел Дишан. Наједноставната дефиниција на концептуализмот е дека создава дела кои ја претпочитаат идејата на уметникот во однос на самиот предмет. Оваа дефиниција овозможи да се оформат најразновидни уметнички пристапи засновани врз медиуми

### Казимир МАЛЕВИЧ



што се појавија во шеесеттите години: перформансот, видео-артот, инсталациите и слично. Повеќе од 15 години, овие нови форми на концептуализам доминираа на најголемите изложби во целиот свет. Бидејќи оваа уметност на Исток настапуваше како упорно провокативна и го критикуваше општеството, не е чудо што беше игнорирана во официјалните публикации и исклучувана од официјалните колекции. Освен тоа, таа се соочуваше со директни спротивставувања и се развиваше само како маргинална и неофицијална уметност. Во поинакви услови, таа ќе можеше да се здобие со општо признание во меѓународните кругови; тоа го потврдуваа одделни уметници од Источна Европа кои, вложувајќи огромни напори и без никаква помош однадвор, успеаа да се наметнат како едни од најзначајните уметници на меѓународната сцена. Основата на Меѓународната колекција ја сочинуваат дела од уметници кои веќе имаат меѓународни референци. Покрај нив, таа содржи и други дела, исто така интересни и со висок квалитет, од сè уште недоволно познати автори, кои претставуваат вистинско откровение за меѓународната уметничка јавност.

Колекцијата Arteast 2000+ не е само музејска збирка во смисла на веќе испишана историја, туку збирка во смисла на простор во музејот како еден вид лабораторија каде што се откриваат и се развиваат различни контексти во кои се создава современата уметност. Колекцијата Arteast 2000+ не само што ги следи нормите на глобализацијата, туку нуди и своја форма на глобализација. Се разбира, ова е најефикасниот начин на кој може да се стане рамноправен дел од светот како глобална единица.

Модерна галерија Љубљана првпат ја претстави меѓународната колекција Arteast 2000+ во јуни 2000 година во напуштениот армиски комплекс Метелкова. Изложбата беше организирана од страна на Модерна галерија и агенцијата "Пристопѐ користејќи го моделот на тројно финансирање. Според овој модел, уметничките дела се купуваат со финансиска поддршка од три страни: една третина од финансиите ги обезбедува државата, една третина градот Љубљана, и една третина словеначки фирми.

Инсбрук



## Основачи на Колекцијата

*"Во милениумската 2000+, доживувањето на уметноста повторно станува 'прифатливо за корисникот'. И не само тоа, туку станува и 'прифатливо за капиталот'. Мило ми е што колекцијата 2000+ ја содржи оваа особина на иднината. Нејзината вредност е очигледна не само поради нејзината единственост, туку и поради квалитетот на нејзините односи со околината. Различни групи наоѓаат заеднички интерес. Навистина вредеше, и сега сме почестени со покана да ја претставиме колекцијата во Инсбрук."*

**Франци Заврл**, *Пристоп*

## Недко СОЛАКОВ



*"Кога се оформуваше проектот 2000+ малкумина веруваа во него. Среќен сум што денес тој успева да им влее верба многумина кои порано имаа сомневања. Не тврдам дека проектот достигнал зрелост, бидејќи без сомнение ќе продолжи да расте. Претставувањето во Инсбрук е несомненно доказ за тоа."*

**Антон Мајзељ**, генерален директор на *Мобител*

*"Колекцијата 2000+ на Музејот на модерната уметност од Љубљана сака да проговори и да продолжи да говори за односи што онеспособуваат и за односи што оспособуваат: дела кои зборуваат за уметниците, за извесно време, за извесно место; дилеми и трауми се поставени една крај друга во еден бескраен простор отворен за дијалот и комуникација."*

**Андреја Рихтер**, Министер за култура на Република Словенија

*"Верувам дека посебна пофалба околу колекцијата Артеаст 2000+ заслужува фактот што таа ги обединува уметноста и капиталот, јавното и приватното. Поврзувањето на овие интереси може само да ја зголеми вредноста на пораката со која словенечката културна сцена се обраќа кон сегашноста и кон иднината."*

**Викторија Поточник**, градоначалник на Љубљана

Кога зимата ја видов изложбата Arteast Collection 2000+ на Модерна галерија Љубљана, изложена во еден релативно мал простор во Инсбрук, вешто конципирана во сандаци како интимни касели, кои на извежбаното око му овозможуваат да ги фокусира главните конструктивни решенија, првата мисла ми беше: *патувачка, номадска изложба*. Сандаци за минатото и за иднината та ѝделото родено како последица на една и подготвено за нова промена. И кога го прочитав текстот во каталогот за изложбата кој сосема (не)случајно коинцидираше со оваа мисла, сфатив дека номадството во суштина е во генот на овие простори. Номадството како судбина на овој дел од хемисферата станува парадигма на просторот како движење. Просторот, во овој случај, го завршува делото, секогаш на поинаков начин.

*Уметничкото дело е само привидно неподвижно. Тоа ја изразува желбата за постојаност. Тоа претставува еден застој во течењето на времето коешто, всушност, му припаѓа на минатото.* (А. Фосијон)

Македонските уметници Жанета Вангели, Томе Аџиевски и Оливер Мусовиќ, по избор на Модерна галерија од Љубљана, стануваат дел од оваа суптилно обмислена колекција, но и без тоа, тие се дел од неминовната потреба на Западот за ревитализација.

**Викторија Васева Димеска**

## Жанета ВАНГЕЛИ



По претставувањето во Љубљана, колекцијата Arteast 2000+ започна да патува. Првпат беше прикажана во ноември 2001 година во Инсбрук, Австрија. По шест месеци, беше претставена во обновениот Центар за уметност и медиуми (ZKM) во Карлсруе, Германија. Изложбата, чиј ко-куратор беше Петер Вајбел, претстави избор од колекцијата Arteast 2000+ заедно со дела од словенечки автори. Инсталацијата на изложбата ја нагласуваше метафората на патување и движење. На тој начин, таа беше израз на поимот патување во смисла на "претставување на траумите од неодамнешното минато во источната половина на Европа, каде што луѓето прифаќаа да живеат и во најнеподносливи услови само за да можат да се движатѐ, но во исто време таа претставуваше и моќно доживување за номадскиот свет на современата уметност. Како куратор на изложбата, Зденка Бадовинац пишува во каталогот:

"Претставувањето на колекцијата Arteast 2000+ во Инсбрук не ја крие радоста од патувањето на Запад. Колекцијата прави обид да ги соедини искуствата на Истокот и на Западот, свесна за посебните околности што ги создаваат различните проекти. Таа исто така се стреми да го изрази и восхитот пред фактот дека нешто се движи. Истокот се помести од мртвата точка и оваа колекција — што претставува прва посеопфатна збирка на источноевропската уметност — е дел од тој процес. Она што е важно за неа е дека е создадена на Исток. Поради тој факт, просторот станува субјект на ова движење.

Колекцијата Arteast 2000+ патува во сандаци кои не се наменети само за транспорт, туку се и место каде што се сместени експонатите на изложбата, што им дава и посебно значење. Изложбата на колекцијата Arteast 2000+ во Инсбрук остава впечаток како тукушто да сме ги отвориле сандаците во кои се пренесени уметничките дела. Концептот на изложбата природно е поврзан со односот меѓу идеалното изложување и оној тип изложување кој може да биде ограничен поради несоодветни услови или поради отсуството на уметникот. Овде мора да си го поставиме старото прашање: кога уметничкото дело е навистина завршено? Кој го завршува уметничкото дело? Уметникот, кураторот или гледачот? Односот меѓу делото и просторот останува нерешен. Изложувањето не се стреми да биде конечно. Станува збор за можности.è

(**Зденка Бадовинац**,
од текстот во каталогот за изложбата)

## Покровители / Љубљана

## Основачи на колекцијата

Министерство за култура на Република Словенија

- Градот Љубљана
- Пристоп
- Про Плус
- Мобител
- Чукграф
- Медиа Пул

## Патрони

- Рендерспејс — Пристоп интерактив
- Цестно подјетје, Љубљана

## Спонзори

- КПЛ — Градње, раст, инжениринг д.д.
- Литерал
- Меркатор
- Нови колективизем
- Футура ДДБ

## Потпомогнато од:

- КОНТА
- АББ Словенија
- Словенска заложба
- Љубљанска берза
- Сузуки Одар

## Спонзори / Скопје

Мобимак
МРТВ
Media shops



Чифте амам - 1056 м$^2$ ѝедна од најубавите градби на турската профана архитектура, изграден во средината на 15 век од Иса-бег. За време на земјотресот 1963 значително оштетен. Со децении руиниран, употребуван ретко како алтернативен изложбен простор. 1999 со одлука на Владата на РМ доделен на Уметничката галерија. Во 2001-2002 целосно реновиран.

Издавач: Уметничка галерија Скопје, септември 2002 / Одговорен уредник: Викторија Васева Димеска, директор / Стручен соработник: Менка Карапашовска / Превод од англиски: Филип Корженски / Подготовка и печат: Скенпоинт

**Уметничка галерија - Скопје**, Крушевска 1а, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: ++ 389 (0)2 133 102; Факс: ++ 389 (0)2 126 856, e-mail: artgall@mol.com.mk